РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-175/3
10-06-2021 г/v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-175/1 од 03.02.2021 година доставена до ДКСК од подносителот -------- ---------------- од --------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот со број 12-175 од 2021 година, оформен по пријавата бр. 12-175/1 од 03.02.2021 година .

Предметот со број 12-175 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-175 од 2021 година е оформен по пријава бр. 12-175/1 од 03.02.2021 година година, доставена до ДКСК од познат подносител - -------- ---------------- од --------, .

Доставената пријава содржи целосно нејасни наводи кои се однесуваат на нерешени имотно - правни односи за имот кој бил во сопственост на семејството на подносителот на пријавата, кој имот се наоѓал во с. ---------, -------- ---------- и за кој биле водени судски постапки во 2019 и 2020 година а подносителот на пријавата не е задоволен од постапувањето на повеќе лица од Битола и Демир Хисар и тоа од: адвокати, судии, лица вработени во МВР – СВР Битола, Основното јавно обвинителство и Вишото јавно обвинителство во Битола, Подрачното одделение на Агенцијата за катастар на недвижности, поради недавање на одговори или давање на лажни одговори во врска со недвижниот имот и се сомнева дека со ваквото постапување од страна на наведените институции биле сторени кривични дела.

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК констатира дека во пријавата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и дека предметниот случај се однесува на прашање во врска со решавање на нарушени имотно правни односи за кое ДКСК нема надлежност да се произнесува и кое е поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до :
- Архива и
- Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : СПД Член на ДКСК